**Битола, 21.10.2025**

**ИЗВЕШТАЈ МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - БИТОЛА**
**ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025**

Младински културен центар- Битола имаше акредитирано вкупно **23** волонтери за домашно набљудување на изборите. Од нив, **20 набљудувачи** подигнаа материјали и беа распоредени за набљудување во општините Битола, Ресен, Новаци, Могила и Демир Хисар на 19 октомври 2025 година.

Набљудувачите беа распоредени во мобилни тимови (составени од двајца набљудувачи) и тоа:
4 мобилни тимови за општина Битола
2 мобилни тимови за општина Ресен
2 мобилни тимови за општина Демир Хисар
1 мобилен тим за општина Могила
1 мобилен тим за општина Новаци

Вкупниот број на избирачки места во 5-те општини е **308**. Мобилните тимови на МКЦ-Битола набљудуваа на вкупно **120 ИМ**, што претставува покриеност од **38,96%.**

**Прелиминарната оценка на МКЦ-Битола за изборниот ден во овие пет општини е дека изборниот ден помина во мирна и демократска атмосфера, граѓаните слободно можеа да ја изразат својата волја и да го остварат своето гласачко право.**

**Во текот на изборниот ден набљудувачите забележаа изолирани неправилности и технички недостатоци кои не влијаат на конечниот исход на изборите.** Од нивните извештаи се нотирани следните неправилности и технички недостатоци:

**Општина Битола:**
ИМ 31: времето кое го покажуваше Уредот за биометриска идентификација на гласачите (УБИГ) беше 8 минути поназад од точното време.
ИМ 34, ИМ 39, ИМ 49: при утврдување на идентитетот на гласачите членовите на Избирачкиот одбор наглас ги читаа името и презимето на гласачите.
ИМ 52 и ИМ 86: избирачките места не беа добро обележани што создаваше конфузија кај гласачите на кое место треба да гласаат.
ИМ 95: нарушена тајноста на гласањето во еден случај. Еден гласач не ги превитка гласачките ливчиња и можеше да се види за кого гласал, а членовите на Избирачкиот одбор не реагираа. Параванот за лица со попреченост беше тргнат на страна, поставен на шкаф и не беше во употреба.
ИМ 103: Во Избирачкиот список на ова избирачко место се евидентирани 649 гласачи, а во апаратот УБИГ 652 гласачи.
ИМ 109: нарушена тајноста на гласањето во еден случај. Еден гласач не ги превитка гласачките ливчиња и можеше да се види за кого гласал, а членовите на Избирачкиот одбор не реагираа.
ИМ 112: кабелот за УБИГ не работеше. Беше заменет со нов од ИТ екипата на ОИК.
ИМ 122: времето кое го покажуваше Уредот за биометриска индентификација на гласачите (УБИГ) беше 8 минути поназад од точното време.

„Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" е проект спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

ИМ 127: нарушена тајноста на гласањето во еден случај. Еден гласач не ги превитка гласачките ливчиња и можеше да се види за кого гласал, а членовите на Избирачкиот одбор не реагираа. Параванот за лица со попреченост беше тргнат на страна и не беше во употреба поради недостаток на простор во избирачкото место.
ИМ 129: параванот за лица со попреченост не беше поставен на избирачкото место.
ИМ 130 Неорганизирано ИМ, гласачките паравани поставени преблиску еден до друг.
ИМ 131: параванот за лица со попреченост не беше поставен на избирачкото место. Овластен набљудувач од политичка партија вршеше вербално агитирање внатре во избирачкото место.
ИМ 133: при утврдување на идентитетот на гласачите членовите на Избирачкиот одбор наглас ги читаа матичните броеви на гласачите.

**Општина Демир Хисар:**
ИМ 623/1: времето кое го покажуваше Уредот за биометриска индентификација на гласачите (УБИГ) беше 8 минути поназад од точното време.
ИМ 631: нарушена тајноста на гласањето во еден случај. Еден гласач не ги превитка гласачките ливчиња и можеше да се види за кого гласал, а членовите на Избирачкиот одбор не реагираа.
ИМ 634: неорганизирано ИМ, параванот за гласање поставен блиску до вратата.

**Општина Могила:**
ИМ 188: пропаганден материјал во радиус од 100 метри од ИМ.
ИМ 191: еден случај на семејно гласање (2 гласачи зад ист параван во исто време) и пропаганден материјал во радиус од 100 метри од ИМ.
ИМ 192: замениците членови на ИО предвреме ги имаа потпишано записниците, а не присуствуваа на процесот на броење на гласовите.
ИМ 219: еден случај на семејно гласање (2 гласачи зад ист параван во исто време).

**Општина Новаци:**
Не се пријавени неправилности или технички недостатоци од нашите набљудувачи.

**Општина Ресен:**
ИМ 1638/1: времето кое го покажуваше Уредот за биометриска индентификација на гласачите (УБИГ) беше 8 минути поназад од точното време.

Домашното набљудување на Локалните избори 2025 е во рамките на проектот „Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија.

Младински културен центар – Битола

****************************************************************************

„Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" е проект спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.